ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 5 ЈУНИ 2020

**ТОП ВЕСТИ:**


- Пешачки моста на река Брегалница во Делчево– остварена дециниска желба на граѓаните
- Министерот Сугарески од Делчево: Создавањето подобри услови за живот на жителите на Делчево е резултат на заедничката работа на централната и локалната власт
- Набавено мултифункционално возило за метење на улици во ЈКП „Брегалница“
- Совет на Општина Делчево: Општина Делчево ќе набавува ново противпожарно возило


## Пешачки мост на река Брегалница во Делчево-остварена дециниска желба на граѓаните



Вредноста на мостот е 8,2 милиони денари. Околу 60 % од вредноста е обезбедена со средства од проектот за развој на Источно-планскиот развоен регион, преку Бирото за регионален развој, а останатите 40 проценти се обезбедени со кофинансирање од Општина Делчево. Општина Делчево има дополнителни инвестиции за изградба на пристапни рампи ( 3,5 милиони денари) и пристапна улица (2,2 милиони денари) со која се поврзуваат локалните институции. Изградбата на мостот е во рамките на проектот „Збогатување на туристичката понуда“.



**Министерот Сугарески од Делчево:** Создавањето подобри услови за живот на жителите на Делчево е резултат на заедничката работа на централната и локалната власт



Набавено мултифункционално возило за метење на улици во ЈКП „Брегалница“



Совет на Општина Делчево: Општина Делчево ќе набавува ново противпожарно возило

Совет на Општина Делчево

# Совет на Општина Делчево: Општина Делчево ќе набавува ново противпожарно возило

„Набавка на противпожарно возило“, е приоритетниот проект за кој советнците од делчевскиот Совет на 41 Седница донесоа Одлука со која даваат поддршка и согласност на Општина Делчево за средствата обезбедени во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност, да се наменат за набавка на противпожарно возило. Износот на Грантот за успешност е во зависност од вредноста на успешно реализираните подзаеми за имплементација на проектот „Подобрување на јавните општински услуги во Општина Делчево-Реконструкција на општински улици“, а вкупната проектирана вредност на приоритетниот проектот за набавка на ново противпожарно возило е 7.491.824,00 МКД со вклучен ДДВ, грант - средства кои се обезбедени од Компонента В: Грантови за успешност се во висина од 7.191.824,00 МКД, додека средства во висина од 300.000,00 ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево, како сопствено учество.

На Седницата, советниците дадоа согласност и на Одлуката на Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за ослободување од надоместок на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите. Согласно со Одлуката, надоместокот на трошоците за престој во Детската градинка „Весели Цветови“ нема да се наплаќа од април 2020, т.е. од затворањето на градинката поради пандемијата со COVID-19.

Советниците донесоа и Одлука за утврдување потреба од определување заштитни зони, заштитни мерки и други услови, за акумулација „Лошана“. Со Одлуката се задолжува ЈКП „Брегалница“ да ја започне постапката за определување заштитни зони околу акумулација „Лошана“, како и да изготви елаборат за одредување на границите на заштитните зони, заштитните мерки и други услови за водите наменети за консумирање од човекот. Инаку, по обезбедување на сите потребни дозволи, акумулацијата ќе биде оградена, ќе бидат поставени информативни табли и предупредувачки знаци со што ќе има строго контролиран пристап до акумулацијата.

Покрај другите точки од Дневниот ред, советниците на 41-та Седница го разгледуваа и Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за периодот 01.01.2020 до 31.03.2020 година, а донесоа и Одлука за доделување стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта.



# Пуштен во употреба пешачкиот мост на река Брегалница во Делчево





-Ние одлучивме да градиме мостови, за да поврзуваме, да го олеснуваме пристапот и затоа денеска сум посебно горд, бидејќи со поддршка на пријателите на Делчево, успеавме да оствариме децениска желба на делчевци, истакна во своето обраќање градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски, на свеченоста организирана по повод пуштањето во употреба на првиот пешачки мост на река Брегалница во Делчево. На свеченоста присуствуваа министерот за локална самоуправа, Горан Милевски, директорката на Центарот за развој на Источно планскиот регион, Драгица Здравева, како и претставници на институции и граѓани на Делчево.

Градоначалникот Трајковски истакна дека нема ништо невозможно кога се има цврсто зацртана цел, да се изгради и да им се подари на граѓаните објект кој ќе векува и ќе им служи и на генерациите граѓани кои ќе живеат покрај реката Брегалница.

Министерот Горан Милевски рече дека реализацијата на овој проект е пример кој треба да го следат и останатите општини за да ги урбанизираат своите места и со тоа жителите да имаат поквалитетен живот.

- Министерство за локална самоуправа и понатаму ќе се грижи за општините, а преку нив и за граѓаните преку своите програми. Изградбата на пешачкиот мост со години беше ставан како приоритет на граѓаните на форумските сесии, така што сега е реалност. Овој мост во Делчево го поврзува стариот со новиот дел на градот, но претставува и украс на градот и е дел од туристичкиот пакет на Делчево. Со оглед на ситуацијата и пандемијата во нашата држава, оваа година ги поканувам сите граѓани да го посетат ова источно гратче и да уживаат во убавините, рече Милевски.

Директорката на Центарот за развој на ИПР Драгица Здравева се заблагодари на успешно завршената работа за овој значаен линиски објект за Делчево и најави реализација на дополнителни проекти во Делчево.

Со ставањето во функција на мостот, ќе се зголеми безбедноста на пешаците и ќе им бидат значително поблиску повеќе институции, како детската градинка, ООУ „Ванчо Прке", Општина Делчево, градскиот пазар и фабриките кои се наоѓаат во индустрискиот дел во градот. Вредноста на мостот е 8,2 милиони денари.  Околу 60 отсто од вредноста е обезбедена со средства од проектот за развој на  Источно-планскиот развоен регион, преку Бирото за регионален развој,  а останатите 40 проценти се обезбедени со кофинансирање од Општина Делчево. Изградбата на пешачките патеки е инвестиција на Општина Делчево во износ од 3,5 милиони денари.





Актуелности

Актуелности

# Министерот Сугарески и градоначалникот Трајковски извршија увид на дел од инфраструктурните проекти во Делчево




Министерот за транспорт и врски Горан Сугарески со градоначалникот Трајковски, извршија увид во градежните работи на дел од инфраструктурните проекти кои се во тек на реализација во Делчево.

Станува збор за проекти вредни околу 45 милиони денари, односно изградба на атмосферска канализација во должина од 1,9 км во населбата Милково Брдо во вредност од околу 13 милиони денари, средства обезбедени преку грант од Миниситерството за тарнспорт и врски, како и проектот „Подобрување на јавните општински услуги во Општина Делчево“ кој се реализира преку Проектната единица на Министерство за финансии и проектот за подобрување на општинските услуги МСИП финансиран преку Светска Банка. Во рамките на овој проект, Општина Делчево доби средства за подзаем од 32.252.287 денари за реализација на проектот што подразбира, изградба на комплетно нова улица во населбата СРЦ во должина од 290 метри, реконструкција на улицата „Маршал Тито“ со должина од 743 метри (со потпорни ѕидови и проспусти), реконструкција на улицата „Вера Јоциќ“ со должина од 599 метри.

Министерот Сугарески истакна дека реализацијата на капиталните проекти во државата не се застанати поради корона кризата и дека тие се реализираат со многу силна динамика насекаде и во секој регион.

– Создавањето подобри услови за живот на жителите на Делчево е резултат на заедничката работа на централната и локалната власт, а тоа е видливо на терен. Најпрво, морам да спомнам дека ја рехабилитиравме, речиси, целата патна инфраструктура во овој регион, а сега се фокусираме на локалната патна мрежа и на комуналните работи, пред сè заради подобрување на условите за живеење во општината. Ова е показател на сериозните инвестиции во регионот, ги рехабилитиравме патиштата и кон граничните премини, транзиот низ Делчево, така што, генерално, сè што требаше да се сработи, го сработивме. Овие инвестиции се показател и тоа колку оваа Влада предводена од СДСМ е активна на терен и уверувам дека инвестициите во инфраструктурата ќе продолжат со исто такво темпо, рече Сугарески.

Градоначалникот Трајковски изрази благодарност до министерот Сугарески и МТВ и до Владата, за поддршката за реализација на проекти во Делчево со што се решаваат клучни проблеми кои треба да го подобрат квалитетот на животот на нашите сограѓани.

– Решаваме децениски проблеми на граѓаните. Оваа 2020 е година на инфраструктурата во Делчево. Конкретно, во населбата Милково Брдо се реализира проектот „Одделување на фекалната од атмосферската канализација во населбата Милково Брдо- 2“ во Делчево се решава долгогодишниот проблем со атмосферската вода која при обилни дождови предизвикува поплавување на повеќе објекти и имоти на граѓаните во овој дел од населбата. Станува збор за изградба на атмосферска канализација во должина од околу 1,900 метри во населбата. Веднаш по завршување на изградбата на атмосферската канализација ќе се пристапи кон реконструкција на улицата „Вера Јоциќ“ во должина од 599 метри во рамките на проектот „Подобрување на јавните општински услуги во Општина Делчево“ кој се реализира преку проектната единица на Министерство за финансии и проектот за подобрување на општинските услуги МСИП финансиран преку Светска Банка, а предвидена е реконструкција на улици во должина од 1,3 км и изградба на нова улица во должина од 290 м, истакна Трајковски.

Министерот Сугарески информираше дека тендерот за првата фаза од проектот „Македонија без кал“ за изградба и санација на три улици во Делчево „Орце Николов“ „Острец“, како и стариот локален пат Делчево-Трабbooтивиште, ќе биде распишан за два месеци. Во рамките на овој проект на Делчево му се доделени околу 800.000 евра.

# Наскоро асфалт на Басарица

Актуелности



Интензивно се работи на изградба на првите улици во населбата Басарица. Се градат улици во должина од 1 км, широки 6 м со тротоар од 1,5 м. Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски изрази задоволство што се решава голем проблем за жителите од оваа населба кои со децении газеа кал и живееја во прашина.

– Во тек е првата фаза од изградбата на улиците, односно улиците се пробиени, се поставуваат рабници и се врши тампонирање по што следува асфалтирањето. Во Басарица се градат 6 улици во должина од 1 км, односно со овој проект се опфатени околу 80% од уличната мрежа во населбата. Со реализација на овој проект во голема мерка го подобруваме квалитетот на живот на граѓаните и оваа приградска населба ќе прерасне во една урбана средина, како што и доликува, рече Трајковски.

Тој додаде дека претходно се изгради атмосферска канализација со што има целосно одводнување на населбата, а се изгради и фекална канализација на потегот Басарица-с. Полето во должина од 2 км.

-Вредноста на проектот, патна инфарструктура и канализација во населабата е околу 25 милиони денари, средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој. И сакам да потенцирам дека кога е оваа населба во прашање изградбата на улиците нема да заврши со овој проект. Имено, ги имаме проектирано сите улици во населбата и во следниот период ќе се прават напори за комплетно заокружување на инфраструктурните проблеми во населбата, рече Трајковски.

Актуелности

# За прв пат машина за метење улици во ЈКП „Брегалница“





Улиците и тротоарите во Делчево повеќе нема да се метат рачно. ЈКП „Брегалница“ набави мултифункционално комунално возило наменето за метење улици, тротоари и други јавни површини со што продолжува инвестицискиот циклус во нова современа технологија за работа во делчевското ЈКП.

Станува збор за машина од италијанско производство со доста високи перформанси на работа. Вредноста на машината е 4.324.936 денари со ДДВ од кои 1.852 635 ден е од грант за успешност во рамките на проектот за подобрување на општинските услуги од Светска банка, а остатокот е обезбеден од сопствени средства од ЈКП.

При денешното примопредавање на машината, градоначалникот Горан Трајковски потенцираше дека за прв пат делчевското ЈКП инвестира во ваков вид машина, а со оваа нова инвестиција се продолжува со испишување на новата страница во функционирањето на ЈКП „Брегалница“ која подразбира инвестиции во современи машини и нова технологија со цел подобри и поквалитетни услуги и ефикасност во работењето.

-Изразувам голема благодарност до тимот од Министерство за финансии и Светска банка, до директорот на ЈКП, Стојче Стојковски и до неговиот тим, за домаќинското работење, за одличната соработка со Општина Делчево и за препознавање на приоритетите со што се овозможи инвестициски циклус само за 2019 од околу 14 милиони денари средства инвестирани во нова технологија од кои 8 милиони се сопствени средства на претпријатието, рече Трајковски.

## Инвестиции во ООУ „Ванчо Прке“ во Делчево: реконструкција на старата спортска сала и партерно уредување





Старата спортска сала во ООУ „Ванчо Прке“ добива нов висококвалитетенки PVC- под со што ќе завршат градежните работи во училиштето со кои, освен реконструкцијата на спортската сала, беше извршено и партерно уредување на  влезовите на училиштето. Увид во завршните градежни работи во училиштето изврши градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски кој истакна дека училиштето во време, кога нема настава поради специфичната здравствена криза, квалитетно го искористела периодот за да реализира значајни проекти кои ќе создадат современи услови за работа во училиштето.

- Инвестициите во спортските објекти се инвестиции во младите и создавање услови за развој на спортот и спортските клубови, а со тоа и создавање услови за промоција на спортот како здрав начин на живот. Оваа спортска сала има посебно значење во Делчево. Стара 50 години, таа ги обединуваше и учениците од училиштето, но и сите спортски клубови од градот. Денес, благодарение на домаќинското работење на училиштето, салата доби сосема нов лик овозможувајќи современи услови за работа на спортистите. Со реализацијата на овој проект, како локална власт, уште еднаш докажуваме дека ги решаваме проблемите и создаваме услови за поквалитетен живот на секој граѓанин во Делчево, истакна Трајковски.

Директорот Горан Велков потсети дека согласно со проектот за реконструкција на салата се заменија и салонитните азбесни ќерамиди со нов пластифициран антикондензирачки ребраст лима, а се изврши и замена на фасадната столарија, каде што старите метални прозорци се заменети со термоизолирачки PVC- прозори, а се планира и асфалтирање на теренот за одбојка.

Вкупната инвестиција на проектот е 2. 5 милиони денари, без ддв, средства од буџетот на училиштето. Изведувач на проектот е ДПТУ Панел М, експорт- импорт, Мехаз ДООЕЛ, Тетово.

Актуелности

Актуелности

## Авионско прскање против комарци во Делчево




Годинава Делчево ќе спроведе авионско прскање против комарци и други вектор-преносители на заразни болести. За таа цел, Општина Делчево распиша јавна набавка за авионско прскање против комарци за чија реализација се обезбедени средства од Буџетот на Општина Делчево за 2020 година во висина од 246.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Договорот за јавна набавка ќе се додели со спроведување на постапка со објавување Оглас за набавка од мала вредност, а отворањето на понудите ќе се спроведе електронски на ЕСЈН на ден 19.06.2020 година во 9 часот.

Општина Делчево оваа сезона предвидува двократно (два пати) авионско третирање (прскање) за заштита од комарци по понудена цена по хектар на површина од 300 хектари, односно вкупно за два пати прскање површина од 600 хектари. Прскањето против комарци се планира да се изврши со еколошко средство одобрено од релевантни институции од земјата, а динамиката на прскањето ќе се определи согласно со динамиката на оваа активност во соседните општини (Македонска Каменица, Виница, Берово и Пехчево).

Општина Делчево секоја година врши соодветно третитрање на вектор-преносителите на заразни болести, а активноста е предвидена во Годишната програма за заштита на населението од заразни и други болести.

Актуелности

## На местото на стара мини депонија изграден нов парк во центарот на Делчево



Делчево доби нов парк, хортикултурно уреден и со соодветна урбана опрема. Ова е сликата денес кај стариот градски пазар во централното градско подрачје, каде со години наназад изгледот на градот го нарушуваше мини депонијата, руинираните скали и неуредениот простор. На партерното уредување на просторот со површина од околу 200 м2, изминатиот период работеа екипи од ЈКП „Брегалница“ кои, освен што го исчистија просторот од оштетениот бетон и од ѓубрето, поставија бехатон плочки и изградија патеки, хортикултурно го уредија просторот, односно засадени се декоративни садници и трева, а просторот е оплеменет и со цветни аранжмани. Исто така, поставени се и клупи и канти за отпадоци, а со цел да се сочува паркот и да се заштити од најразлични отпадоци, поставени се и инфотабли со порака за зачувување на животната средина.

Претходно на оваа локација беа санирани и оштетените скали наменети за поврзување со главната улица „Маршал Тито“.

## Општина Делчево доби сертификат за општествена одговорност

Ценејќи ги придобивките на Општина Делчево на полето на општествената одговорност, Здружението за истражување, анализа, стандардизација и сертификација ИААС  додели на Општина Делчево Сертификат за општествена одговорност.

Сертификатот е резултат на извршената анализа за општествената одговосност, грижата за вработените, грижата за околината, посветеност за напредок на општеството, како и позитивен пристап во соработка со трети компании и со овој сертификат Општина Делчево станува дел од семејството сертифицирани компании во земјава со над 3000 членови кои се во регистерот на сертифицирани компании.




Стандардот за општествена одговорност е стандард за систем за управување кој ги одредува перформансите на деловните субјекти во девет области кои се од клучно значење за општествената одговорност во работните средини и обезбедува континуирано подобрување во сите области. Овој стандард ги одразува принципите содржани во Универзалната декларација за човекови права и декларациите издадени од Меѓународната организација на трудот (МОТ). Покрај тоа, таа ги почитува, дополнува и поддржува законските прописи во сила во секоја земја. Денес, тој поддржува повеќе од два милиони вработени во обезбедувањето етички работни услови.

Актуелности

# Градоначалникот Трајковски доби Плакета од Царинската управа на РСМ



По повод одбележувањето на денот на Царинската управа на Република Северна Македонија, градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, денеска доби Плакета со Повелба заради посебен придонес во унапредувањето на угледот на службата, меѓусебната соработка и навременото информирање на граѓаните за сите мерки кои имаат за цел побрз и непречен проток на патници, возила и стока преку ГП Делчево.

На настанот кој традиционално се одбележува на 14 април, а поради актуелната ситуација се одржа деновиве во просториите на Царинската управа, директорот на Царинската управа Ѓоко Танасоски се заблагодари на постојаните соработници и партнери.

- Со помош на Општината Делчево во текот на 2019 година, извршивме хортикултурно уредување на ГП Делчево, во неколку наврати се организира чистење од комунален смет и друг отпад, како и миење на самиот премин и приодите од и до него. Покрај тоа Општината донираше и дел од потребниот канцелариски инвентар на ЦИ Делчево, истакна Танасоски.

Градоначалникот Трајковски изрази благодарност за доделеното признание и ги потенцираше заложбите дека Делчево како погранична општина и во иднина ќе ја има обврската, од својот аспект на делување, да даде свој придонес за непречено функционирање на ГП Делчево.

Освен градоначалникот Трајковски, плакети добија и Томислав Ванчев ИТ–програмер во СЕМОС Скопје, како и Анастас Маженковски, помошник–директор на Секторот за акцизи во Царинска управа.

# Упис на првачиња во делчевските основни училишта

Актуелности

Во основните училишта од 1 јуни до 30 јуни ќе се запишуваат ученици во прво одделение за учебната 2020/2021 година откако роковите за упис со уредба на Владата беа одложени за еден месец поради заштита од заразата со КОВИД-19.
Уписот на првачиња се реализираше по соодветен Протокол со утврдени мерки за заштита на јавното здравје и спречување да се шири коронавирусот. Оваа година во прво одделение се запишуваат деца родени во 2014, а по барање на родителите и деца родени до 31 јануари 2015 г, по претходно добиено мислење од педагог или психолог на училиштето.

## Се реализираше јунскиот уписен рок во СОУ „М.М.Брицо“



Во јунскиот уписен рок во СОУ „М.М. Брицо“ се запишаа 92 нови средношколци. Трите пријавувања во јунскиот уписен рок се спроведуваа согласно со критериумите утврдени во Конкурсот на Министерството за образивание и наука за запишување ученици во прва година во јавните средни училишта за настава во гимназиско, стручно, уметничко и за средно образование за ученици со посебни образовни потреби и согласно со насоките од Протоколот усвоен од Владата по препорака од Комисијата за заштита од заразни болести кој е проследен до сите училишта.
Во делчевската гимназија согласно со Огласот за запишување ученици во прва година има 272 слободни места распределени во 8 паралелки. Во гимназиско образование се предвидени 5 паралелки со 170 ученици, во текстилно-кожарската струка 68 ученици и две паралелки, а во хемиско-технолошката струка се предвидени 34 ученици и 1 паралелка.

# Негативни тестовите за ковид -19 на вработените во делчевската детска градинка

Актуелности



Во детската градинка „Весели Цветови” нема позитивен случај на КОВИД-19. Ова го покажаа резултатите од извршениот скрининг на вработенитеспроведен од Центарот за јавно здравје при што беа опфатени вкупно 58 даватели на услуга во градинката.

Скринингот се правеше со ПСР-тестови и имаше за цел да се идентификуваат асимптоматските носители на вирусот, односно луѓе кои се заразени, а не се свесни поради тоа што немаат симптоми.

Во насока на заштита на персоналот и децата во градинката, во изминатиов период е извршена комплетна дезинфекција на просториите на градинката, а согласно со протоколите на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство ќе бидат преземани дополнителни и соодветни мерки.

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Снежана Трајкова и Даниела Такева**

**Инфо Делчево на web:**
**delcevo.gov.mk**